Врз основа на чл. 384 и чл. 387 од Законот за трговски друштва, а во врска со чл. 19 од Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје и Одлуката на Одборот на Директори бр. 02-142 од 22.04.2024 година,

**ЦЕМЕНТАРНИЦА УСЈЕ АД СКОПЈЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ДРУШТВОТО ОБЈАВУВА**

# П О В И К

**за учество на Годишното Собрание на акционери**

Годишното Собрание на акционери на Цементарница УСЈЕ АД Скопје ќе се одржи на ден 23.05.2024 година (четврток) со почеток во 10:00 часот во деловните простории на друштвото кои се наоѓаат на ул. Борис Трајковски бр. 94, Скопје со следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Процедурален дел (Избор на Претседавач и бројач на гласови);
2. Донесување на Одлука за одобрување на ревидираните Годишна сметка, Финансиски извештаи (поединечни и консолидирани) и Извештајот за работењето на Компанијата за финансиската година која заврши во 2023 година;
3. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори за 2023 година;
4. Донесување на Одлука за распределба на добивката остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за финансиската 2023 година;
5. Донесување на Одлука за одобрување на зделки со заинтересирани страни;
6. Донесување на Одлука за именување на Ревизор на Годишната сметка, Финансиските извештаи (поединечни и консолидирани) и Извештајот за работењето на Компанијата за финансиската 2024 година;
7. Донесување на Одлука за разгледување и одобрување на извештајот од работењето на Службата за внатрешна ревизија во 2023 година;
8. Донесување на Одлука за отповикување на членовите на Одборот на Директори на Компанијата;
9. Донесување на Одлука за избор на на членови на Одборот на Директори на Компанијата;

На седницата на Собранието може да присуствува секој акционер лично, а за истото должен е да го пријави своето учество на Собранието, најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Секој акционер може да именува лице кое ќе го застапува на Собранието и ќе гласа во негово име. Овластеното лице треба да има писмено полномошно.

Акционерот кој ќе овласти лице да го застапува треба веднаш, по писмен пат да го извести Друштвото за назначување на свој полномошник за Собранието, преку Архивата на Друштвото до Правна служба или електронски, на следната e-mail адреса: violetam@usje.mk.

Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.

За полномошник на Собрание можат да бидат овластени и лица кај кои има конфликт на интереси, само под услов ако тие претходно им обелоделиле на акционерите дека кај нив има конфликт на интереси и истите добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерот од кој се овластени да бидат нивни полномошници, за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на седницата на Собранието за која им важи полномошното.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва.

Акционерите на Друштвото кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на Дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на Дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка, како и по писмен пат да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во Дневниот ред.

Вклучување на нови точки во дневниот ред може да се врши по писмен пат на начин согласно чл. 390 од Законот за трговски друштва, најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој Јавен повик.

Акционерите и нивните застапници кои ќе учествуваат во работата на Собранието, своето присуство треба да го пријават во Архивата на Друштвото или на следниот телефонски број 02/2786-134, заради евидентирање.

Материјалите и документите по точките од дневниот ред, како и дополнителните информации согласно ЗТД се достапни од денот на објавувањето на овој повик и акционерите ќе можат да ги разгледуваат и добијат секој работен ден, во седиштето на Друштвото во Архивата и на официјалната интернет страница на Цементарница УСЈЕ АД Скопје www.usje.mk.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**